Претставници од МЦМС и ИНСОК, кои се дел од тимот на програмата  Пристап на Ромите до фондови
, консултатите вклучени во програмата и Надир Реџепи, раководител на проектот на ОСИ „
**Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите**
“ (МТМ) на 16 јуни 2015 година во просториите на МЦМС разговараа за текот на спроведувањето на активностите, но и за иднината на поддршката од Фондацијата Отворено општество од Будимпешта.



Според МЦМС и ИнСоК, **активностите се спроведуваат според планот**. Беше истакнато дека во периодот од јануари до април оваа година била поддржана подготовката на 17 проектни идеи кои биле развиени во предлог проекти и поднесени кај различни донатори. Во истиот период
**три од нив, со вкупен буџет од 177.851 евра биле**

поддржани
, а за 14 со буџет од 1.095.829 евра
се чека одговор
.



Консултантите ги пренесоа своите искуства од терен. Разговараа за предизвиците со кои се соочуваат во работата со ромските организациите, тесните грла во соработката и резултатите. Според нив, нивото на развој на ромските организациите се уште бара **под дршка од сегашниот вид**
. Тие сметаат дека барем дел од активностите треба да продолжат на истиот начин, а за дел може да се бара поинаков начин на функционирање, без притоа да се потпираат само на поддршката на ОСИ. Имајќи предвид дека оваа фаза од поддршката завршува до крајот на идната година, разговорите за тоа што ќе се случува после 2016 година ќе продолжат.